Информатор Бр. 14, Мај - Јули 2003

# ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ-МЕЃАШИ

Република Македонија-ул "Коста Новаковиќ 22а, 1000 Скопје
Телефон: (389-2) 2-465-316 Телефон/факс :(389-2) 2-463-900
E-mail: Hfirst@childrensembassy.org.mkH
Веб страна: Hwww.childrensembassy.org.mkH

Мисија на организацијата:

***Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“ е невладина организација која се залага за почитување на детската личност преку заштита на нивните права, застапување на детските интереси и збогатување на животот со содржини кои детството го прават сигурно и творечко. Го зајакнува НВО движењето за правата на детето во Република Македонија развивајќи го волонтерскиот пристап во работата и се грижи за спроведување на Конвенцијата за правата на детето.***

## Во овој број:

1. НЕ-ФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ НА ДЕЦА СО НИЗОК СОЦИЈАЛЕН СТАТУС
2. АКЦИЈА ЗА ГРАЃАНСТВО ПРЕКУ ТЕАТАР
3. СТЕФАН ПЛЕСКОЊИЌ-ДЕТЕ КОНЗУЛ НА ПДАС - МЕЃАШИ
4. НАЦИОНАЛНА ВЕЛОСИПЕДСКА ТРКА
5. СЕМЕЈСТВАТА ВО НАШЕТО ПРИФАТИЛИШТЕ
6. ЗАСТАПУВАЊЕ
7. УЧЕСТВО НА ТРЕНИНЗИ/ОБУКИ
8. ИНИЦИЈАТИВА ЗА ПОДОБРО МЕЃУСЕБНО РАЗБИРАЊЕ

### 1. НЕ-ФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ НА ДЕЦА СО НИЗОК СОЦИЈАЛЕН СТАТУС

Во почетокот на мај, откако ги завршивме подготовките за детските работилници, и остваривме контакти со децата штитеници на меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Скопје и членовите на Првата детска амбасада во светот-Меѓаши, формиравме 11 работилници: четири работилници по англиски јазик, две за компјутери, една за литература, една за оригами, една за ликовно, и по една работилница за француски и германски јазик. Секој работен ден се одржуваат по две работилници кои траат по 90 минути, освен во четврток кога се одржува и работилницата по оригами. Во работилниците се вклучени 90 деца, кои со помош на единаесет волонтери/ки ги добиваат основните знаења за

поединините области. Работилниците ќе траат непрекинато и преку летниот период така што ќе им овозможиме на децата креативно да го исполнат своето слободно време. Проектот е финансиран од Светската банка, а координатор е Лујза Исаиловска.



**2. АКЦИЈА ЗА ГРАЃАНСТВО ПРЕКУ ТЕАТАР**

КРИК-Канцеларија Скопје и Првата детска амбасада во светот-Меѓаши со финансиска поддршка на Европската Унија овозможена од Европската Агенција за Реконструкција се вклучени во проектот "Акција за граѓанство преку театар" Овие организации работат заедно поради правилна заштита и зајакнување на темелите на мултиетничкото општество во Македонија.

Како дел од проектот кој започна на 14-ти Април, на 12-ти Јуни шеесет деца беа вклучени во работилниците кои опфаќаат: театар, спорт и ликовно и кои ќе траат до крајот на Септември. Децата доаѓаат од различни мултиетнички училишта како "Петар Здравковски-Пенко", "26 Јули". Група од децата ги користат просториите во училиштето "Партение Зографски"поради подготовка на две театарски претстави кои ќе бидат прикажани во шеснаесет локации низ Македонија со почетокот на следната есен. Учество во работилницита исто така имаат и родителите на децата со кои се прават напори за развивање на мултиетничкиот живот.

Во исто време ликовната и литературната секција се натпреваруваат во "Дружење без граници"кое е пространo и во кое учество можат да земат деца од различна возраст кои својот труд можат да го доставаат до крајот на Октомври. Сите заинтересирани деца и младинци своите песни, стории, цртежи можат да ги испратат на следните адреси:

***КРИК***
***Меѓаши***

(за натпревар) или (за натпревар)
ул. 29 Ноември бр.62 ул. Коста Новаковиќ бр. 22а
1000 Скопје
1000 Скопје

Следната фотографија е земена од официјалната посета на претставницита од Агенцијата за Европска Реконструкција на работилниците: Г-ѓа Јута Булинг, Програм менаџер за граѓански права и

социјални работи; Г-дин Елвис Али, Асистент за граѓански права и социјални работи, и Г-дин Едмонд Адеми, информации и комуникации. По овој повод на децата им беа дадени маици со видлив знак како резултат на поддршка од страна на Европската Унија за зајакнување на мултиетничкото општество во Македонија.
Кординатор на проектот е Магдалена Ризова-Черних.



**3. СТЕФАН ПЛЕСКОЊИЌ-ДЕТЕ КОНЗУЛ НА ПДАС-МЕЃАШИ**

Од 25 јуни до 5 јули во Националната галерија за Национални уметности во Софија беше отворена шестата самостојна изложба на осум годишниот Стефан Плескоњиќ. Изложбата беше отворена во присуство на голем број амбасадори, аташеа за култура, министерството за култура на Бугарија како и огромен број на новинари од пишаните и електронските медиуми. Изложбата ја отвори нашиот амбасадор во Република Бугарија, г-дин Љубиша Георгиевски. На 27. 06. 2003 по негова желба изложбата ја посети Бугарскиот премиер и цар на Бугарија Симеон Саксобурготски, при што малиот Стефан му ја поклони сликата Бугарски бои, а царот му подари акрилни бои. Отворањето како и овој настан наиде на огромен интерес кај бугарската јавност а и во сите ударни емисии и новини. На затворањето на манифестацијата (осмиот салон на уметноста, Стефан доби специјална награда од бугарското Министерство за култура и од самиот салон на уметноста). Учесници на овој салон на уметноста во последните осум години меѓу другите се: Пако де Лусија, Ричи Блекмур, Стинг, Ванеса Меј, Бољшој театар и др. По изложбите во Брисел, Варшава, Њујорк, Стефан ги освои симпатиите и во Софија.



**4. НАЦИОНАЛНА ВЕЛОСИПЕДСКА ТРКА**

Во периодот од 11 до 13 јули се одржа велосипедската трка низ Македонија, која беше организирана поради подигање на еколошката свест и се возеше под мотото "Возам велосипед за здравје и чиста

околина!".Трката се состоеше од неколку настани кои се одвиваа паралелно. Едниот настан е национален кој опфати учество на 30 професионални велосипедисти од Р. Македонија кои возеа во три етапи со вкупна должина од 360 км.

1. етапа: Скопје - Куманово - Св. Николе - Кочани (140 км);
2. етапа: Кочани - Велес - Неготино - Кавадарци (110 км)
3. етапа: Кичево - Гостивар - Тетово - Скопје (120 км)

Професионалните учесници беа од: Скопје, Куманово, Св. Николе, Кочани, Велес, Кавадарци, Радовиш, Кичево.

Другиот настан е локален и се состои од аматерски трки во девет градови во Македонија и вклучени беа 22 Македонски волонтери за акција - проект за промоција и развој на волонтеризмот, како и организаторите на локалните настани чиј број изнесуваше над 100. На трката учество земаа и 436 аматерски велосипедисти кои се натпреваруваа на локално ниво, кои беа на возраст од 12 до 60 години. Најголем број од учесниците (околу 350) беа на возраст од 12 до 18 години. Победниците на трката од деветте градови од Македонија беа наградени со велосипеди, додека останатите учесници добија заштитни капи за велосипед, ранци, ракавици и др. Целиот настан беше следен од приближно 7000 - 8000 граѓани од Република Македонија.

Организатори на трката се активистите и активистките вклучени во Македонски волонтери за акција - проект за промоција и развој на волонтеризмот, а како технички организатор е Сојуз на спортови на Скопје. Финансиер е Иницијативи за само-помош на заедницата/Агенција на американската влада за меѓународен развој, раководител на проектот е Првата детска амбасада во светот-Меѓаши, а координатори се Снежана Јанеска и Митко Георгиев.



**5. СЕМЕЈСТВАТА ВО НАШЕТО ПРИФАТИЛИШТЕ**

Од 1 Мај до 31 Јули ги прославивме следниве родендените на децата сместени во нашито Прифатилиште: вториот роденден на Александар, деветите родендени на Марија и Андријана и дванаесетите родендени на Ивана и Санела.

**6. ЗАСТАПУВАЊЕ**

Суарет  Алишан е член на ПДАС МЕЃАШИ од 2000. година. Оваа година тој беше матурант во ДУ за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид <Димитар Влахов". Тој е дете без родителска грижа, штитеник на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи и живее во дом семејство. Пред 9 години тој  беше категоризиран како дете со ментална ретардација, но по 7 години, на иницијатива на дел од наставниците во училиштето, прифатена е сугестијата да се однесе на рекатегоризација во Центарот за социјални грижи, каде е пројавено вчудоневидување од страна на специјалистите за претходната категоризација и е констатирано дека истата се поништува, а Суарет може да посетува редовна настава бидејќи неговите ментални и физички способности се во границите на нормалата. На крајот од оваа учебна година, тој наиде на низа проблеми во училиштето и кршење на неговите права и Законот за средно образование.  За тоа ПДАСМ се обрати до Народниот правобранител - оддел за заштита на правата на детето и до Републичката просветна комисија, кои направија увид во состојбата и помогнаа на Суарет да му биде овозможено остварување на неговите права. Во моментов Суарет е вклучен во проектот Акција за граѓанство преку театар и се подготвува за упис во 4та година во средното училиште за занимања <Димитар Влахов".

Соња Јанева е невработена самохрана мајка на три деца. Поради немање на финансиски сретства за кирија четиричленото семејство во еден момент се најде на улица, со што животот за семејството Јаневи стана уште потежок. Работите станаа потешки од причина што Соња не беше во можност да ги обезбеди неоходните прехрамбени продукти за семејството, како и неопходните  лекарства на нејзиниот дваесет и две годишен син кој боледува од епилепсија. Во оваа трка за пронаоѓање на скромен дом на барање на  ПДАС-Меѓаши,  Меѓуопштинскиот центар за социјални грижи - Кисела вода обезбеди еднократна социјална помош и ветија дека од следниот месец ќе и обезбедат сместување во некои од постоечките прифатни центри.

## 7. УЧЕСТВО НА НАЦИОНАЛНИ   ТРЕНИНЗИ/ОБУКИ

Од 28 јуни до 12 јули 2003 Извршниот Директор М-р Драги Змијанац заедно со уште 10 претставници од НВО и ИТЗ учествуваше на обука за јавно  застапување и лобирање во Албани - Њујорк и Вашингтон во Соединетите Американски Држави. Обуката беше овозможена од Њорлд Леарнинг и Пеопле Њорк, а финансирана од УСАИД.

Во програмата учество земаа следниве учесници:

1. Сократ Манчев (Избор, Струмица)
2. Питер Симеонов (Кризен центар Надеж, Скопје)
3. Ристанка (Совет за превентива од малолетничка деликвенција, Кавадарци)
4. Јане Велески (Еманципација, солидарност и еднаквост на жената, Скопје)

5. Игор Вељковиќ (Хера, Скопје)
6. Драги Змијанац (Прва детска амбасада, Меѓаши, Скопје)
7. Татајана Тасевска (Организација на потрошувачи на Македонија, Скопје)
8. Анета Бошевска (Проактива, Скопје)
9. Емина Нурединоска (Македонски центар за меѓународна соработка)
10. Жарко Конески (Институт за трајни заедници, Скопје)


Македонските претставници на НВО со Сенаторот Џорџ Бруно

**8. ИНИЦИЈАТИВА ЗА ПОДОБРО МЕЃУСЕБНО РАЗБИРАЊЕ**

Непостоењето на комуникација и оптовареноста со предрасуди помеѓу средношколците од македонската и албанската националност се почесто се изразуваат преку етнички спротивставени секојдневни конфликтни ситуации во средните училишта и надвор од нив, помеѓу младите воопшто. Со намера да овозможи простор за ненасилна комуникација, ПДАСМ во партнерство со НВО Рубикон во јуни започна нов проект што ги содржи следниве две компоненти кои ќе придонесат за подобрување на комуникацијата меѓу средношколците/ките од македонска и албанска националност во средното медицинско училишта во Скопје:

- **едукативно организациска компонента** со обучување на дел од педагошкиот кадар и формирање неформална мрежа на професори за ненасилна разработка на конфликти и
- **Активна компонента на комуникација** со организирање работилници за средношколците/ките и различни видови активности иницирани од учениците/чките.

Овој проект е овозможен со помош на Институтот за трајни заедници и Американската агенција за меѓународен развој УСАИД.

***Најдобри поздрави од тимот на Првата детска амбасада во светот-Меѓаши***